*Being outdoor and practicing different outdoor sports has multiple benefits for the level of physical activity, health, socialization and closer contact with nature. The study aim is to determine students' opinions for being in nature and exercising outdoor in nature, as well as to identify differences in student's interest for participation in outdoor activities based on their gender and type of study. Study sample was comprised of 85 respondents, students at UGD. Specially designed questioner was applied. Results were analyzed using descriptive statistics and t – test. Results suggest that students prefer to be in nature whenever weather conditions allow, mainly in spring; choosing different forms of outdoor sports: hiking, running or cycling. The interest of students for being in nature and participation in outdoor sports is not determined by students' gender or selected type of studies, suggesting that personal preferences and characteristics are determining factors for participation in outdoor sport.*

Клучни зборови: *physical activity, students, nature, interests, differences*
ЈЕЛ класификација: *L83, Z29*

## Вовед

Физичката активност игра витална улога во здравјето и благосостојбата кај младите луѓе. Несомнено таа придонесува за нивен краткорочен и долгорочен физички, социјален, емоционален и психолошки развој (Janssen and LeBlanc, 2010; Babyak *et al.*, 2000), промовирајќи правилен развој и формирање на основните вештини за движење (Kaplan *et al.*, 1993). Физичката активност што се одвива на отворено, дополнително придонесува со позитивни ефекти врз физичкото и психолошкото здравје, а самата изложеност во природата е добра за менталното здравје и благосостојба (Popeska and Sivevska, 2016; Barton and Pretty, 2010). Здравствените придобивки што доаѓаат од активностите на отворено со едноставно придржување кон физичката активност се: пониски нивоа на перципиран напор, стрес и помал ментален замор (Popeska *et al.*, 2018; Andre *et al.*, 2017; Hanson and Jones, 2015; Puett *et al.*, 2014) што доведува до подобрување на расположението (на пример, намалување напнатост, анксиозност, лутина и депресија) (Carek *et al.*, 2011; Babyak *et al.*, 2000), самодоверба и перцепција на сопствената здравствена состојба (Ekkekasis and Backhouse, 2009). Активностите на отворено исто така позитивно влијаат на физиолошко функционирање, вклучително и подобрување на одредени здравственипараметри , како што се срцевиот ритам, крвниот притисок и ендокрините маркери како нивоата на норадреналин, адреналин и кортизол (Loureiro and Veloso, 2017). Понатаму, практикувањето на активности на отворено кај младите

[1]Деспина Сивевска, вонр. проф. д-р, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, Крсте Мисирков, 10А - Штип, despina.sivevska@ugd.edu.mk
[2]Билјана Попеска, вонр. проф. д-р, Крсте Мисирков, 10А - Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки, biljana.popeska@ugd.edu.mk
[3]Цветанка Ристова Магловска, асистент докторанд, м-р., Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Крсте Мисирков 10А - Штип cvetanka.ristova@ugd.edu.mk

дополнително влијае врз задоволството и уживањето, медитацијата, основните психолошки потреби на автономија, компетентноста и поврзаноста, удобноста и интензивните емоции, засиленото чувство на телото, откривањето на задоволството од достигнувањата, виталната сила и секако интензивното искуство во природата (Clough *et al.,* 2016; Sheng-Hshiung *et al.,* 2015; Crust *et al.,* 2013).

Имајќи ги предвид сите претходно презентирани придобивки од активностите на отворено за младите луѓе, група на академски автори особено го истражуваат и потврдуваат нивниот позитивен потенцијал кај младите луѓе кои се студенти. Според нив, активностите на отворено го подобруваат наставниот план на студентите во образовните средини преку директно искуство (Horwood, 2002), потоа им помагаат да ги подобрат меѓучовечките вештини (на пример, вклучување во групна работа) (Russell and Burton, 2000); им обезбедуваат можности за кинестетичко, афективно и сензорно учење (Lieberman and Hoody, 1998) и им обезбедуваат место за морално и духовно истражување како и нивен раст (Russell and Burton, 2000; HaluzaDelay, 1999).

Сепак, според Popeska et al. (2019), во практикувањето на активности на отворено треба да се имаат во предвид неколку ограничувања кои можат да бидат дефинирани како објективни и субјективни фактори. Објективните фактори според авторите се главно достапните зелени површини или природни средини кои се близу до станбените места и се погодни за вежбање на отворено, безбедносните прашања, климатските фактори (високи или ниски температури, магла), загадување на воздухот и сл. Како субјективните фактори, авторите ги именуваат индивидуалните преференции на лицето за видот на избрана активност, достапното време, потребата од стручно водство и поддршка и сл.

Рекреацијата на отворено овозможува радост и задоволство на луѓе од сите возрасти. Со изведувањето на физички активности додека сме на отворено, се обезбедува и начин да се излезе надвор и да се ужива во природна околина. Освен дишењето свеж воздух и откривањето на многубројните чуда на природата, практикувањето на активности на отворено го намалуваат стресот, притисокот, депресијата и овозможуваат и социјализација со луѓе кои ја делат истата желба.

Имајќи ги предвид сите наведени придобивки од вклучувањето и практикувањето на активностите на отворено се наметна идејата за ова истражување на студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со примарна цел, да се испитат и утврдат навиките на студентите да бидат во природа, да бидат физички активни на отворено во природна средина, како и да се идентификуваат мислењата и интересот на студентите за учество во активности на отворено.

## Методологија

Предмет на ова истражување се студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Република Македонија и нивните мислења и ставови во однос на нивните навики за вклучување во активности на отворено.

Целта на истражувањето се однесува на утврдување на ставовите на студентите според нивниот пол и типот на студии (општествено-хуманистички и природно-математички науки) во однос на нивните навики за вклучување во активности на отворено (кои форми

на активности ги користат, фреквенцијата на нивно применување, важноста на наведените активности во нивниот живот и сл).

Во примерокот беа опфатени 85 студенти од неколку факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Република Македонија. Од вкупниот број на испитаници 52% се машки и 48% се женски. 63% од нив студираат на општествено-хуманистички науки, а 36% од нив студираат на природно-математички науки. Најголем дел од испитаниците, односно 72% од нив се четврта година на студии, 10% се втора година, и останатите 17% се прва или трета година на студии.

Истражувањето е реализирано во текот на месец мај/јуни, во учебната 2018/19 година. За целите на истражувањето беше користена **техниката** анкетен прашалник. Прашалникот е посебно конструиран за потребите на ова истражување. Истиот, покрај основните податоци (пол, година на студии, факултет, насока на студии), содржи и прашања од затворен тип каде студентите одговараат на исказите одбирајќи едно од повеќе понудените одговори.

Добиените резултати се **анализирани и презентирани** со примена на фреквенции (f), проценти (%) и непараметарска постапки: t- тест. Податоците добиени од истражувањето се обработени со помош на статистичкиот пакет SPSS 19. Добиените резултати за подобра прегледност се прикажани графички.

## Резултати и дискусија

Бројни се студиите кои укажуваа на придобивките од учењето и активностите на отворено, кои вклучуваат развој и подобрување на јазичните и комуникациските вештини, подобрување на мотивацијата, самостојноста, самодовербата, креативноста и отвореноста/ подготвеноста за прифаќање на нови предизвици и перспективи (Beckingham, 2019). Имајќи го предвид наведеното на прашањето, *Дали сакаат да престојуваат во природа*, голем дел од испитаниците (60%) се изјасниле потврдно, односно дека *сакаат да бидат во природа секогаш кога имаат можност*, останатите 23% одговориле дека најчесто *сакаат да бидат во природа*, а останатите дека *подеднакво сакаат да се во природа и во затворен простор*.

На прашањето кое се однесува на оддалеченоста на местото на живеење од местото во кое се престојува во природа, најголем дел од испитаниците (38%) одговориле дека сакат да *биде подалеку од местото на живеење (друг град)* (Графикон 1). Ова можеби укажува и на потребата, покрај желбата да бидат на отворено, да престојуваат во природа, би сакале да бидат и на места кои се подалеку од местото на живеење, места кои им се непознати и интересни за посетување и престојување. Ова индиректно упатува на потребата локалните самоуправи и државата да нудат и вложуваат повеќе во излетнички и туристички места, пешачки патеки, алтернативен туризам како би можеле младите истовремено и да престојуваат на чист воздух и правилно и корисно да го поминуваат своето слободно време. Оваа потреба е особено зголемена и во денешни услови на пандемија, кога голем дел од луѓето имаат потреба и бараат место каде на отворено, во природа би можеле да го поминуваат своето слободно време, сами или во друштво, а притоа да бидат задоволени здравствените препораки за дистанца.

Истовремено од нив побаравме мислење врз основа на што го избираат местото за престој и активности во природа. Најголем процент од испитаниците (44%) одговориле

дека тоа го прават врз основа на *времето со кое располагаат*, а помалку, незначителни проценти, дека го прават врз основа на *друштвото, финанасиите* или нешто *друго* (Графикон 2). Добиените одговори можеби упатуваат на фактот дека за практикувањето на активностите во природа, на отворено не се потребни дополнителни средства, само слободно време, кое во денешниот свет на зголемено работно време и дополнителни работни, училишни и семејни обврски се помалку го имаме на располагање. Токму затоа се и препораките да од страна на државата и на универзитетите се понудат активности кои ќе бидат привлечни и преку кои младите корисно, квалитетно и правилно би го поминувале своето слободно време на отворено.

Графикон 1.




Извор: *Истражување на авторите.*

Графикон 2.




Извор: *Истражување на авторите.*

Придобивките од престојот во природа и активностите на отворено се бројни. Затоа од испитаниците побаравме мислење *дали практикуваат физички активности во природа?* 69% од испитаниците одговориле дека *секогаш кога имаат можности и дозволуваат временските услови* практикуваат физичка активност во природа. Мал процент (18%) одговориле дека практикуваат *подеднакво активности и на отворено и на затворено* и останатите дека практикуваат само *активности во затворен простор*. (Графикон 3). Согласно добиените резултати, најголемиот процент на испитаниците избираат активности на отворено, што го потврдува интересот за овој тип на активности како и мислењето на авторите за нивните придобивки. Слични резултати се добиени и во слични истражувања реализирани на примерок на студенти (Popeska *et al.*, 2017; Popeska *et al.*, 2018; 2019).

Во однос на формите на активности кои ги практикуваат во природа најголем процент од испитаниците (50%) одговориле дека одбираат одредена форма на *физичка активност (пешачење, трчање, возење велосипед*), а помал процент (13%) дека тоа го прават за *одмор и релаксација (слушање музика и читање)* или *излет со семејството* (13%), а останатите одговориле *сите претходно наведени*. Добиените резултати повторно упатува на потребата да се понудат места (патеки, игралишта, справи на отворено) како би можеле младите да престојуваат на отворено во природа и да ги оставруваат своите желби и потреби за физичка активност, а истовремено и можност квалитетно да го исполнат своето слободно време (Графикон 4).
Графикон 3.




Извор: *Истражување на авторите.*




Извор: *Истражување на авторите.*

Графикон 4.

Добиените одговори на ова прашање се во корелација и со одговорите на прашањето во кое побаравме да одредат *кои од повеќето понудени физички активности најчесто ги практикуваат во природа*. Најголем дел од нив како прв избор се определиле за *пешачење*, потоа за *возење велосипед*, и како трет избор *планинарење*. Добиените одговори донекаде се очекувани имајќи предвид дека за пешачење не се потребни никакви дополнителни средства и посебни услови, додека возењето велосипед и планинарењето бараат дополнителна организација, во одредени случаи финансии и обезбедување на превоз до одредена дестинација.

Во однос на фреквенцијата на практикување на претходно наведените активности во природа, најголем дел (49%) одговориле дека тоа го прават *2-3 пати во неделата*, 36,5% *еднаш во неделата*, и останатите повеќе пати (*4-5* и *6-7 пати во неделата*). Ова е и разбирливо и може да се поврзе и со одговорите на претходното прашање кога испитаниците одговорија дека физичките активности на отворено ги практикуваат врз основа на *времето со кое располагаат.* Добиените одговори се позитивни и охрабрувачки имајќи ги предвид препораките на Светската здравствена организација (WHO) согласно кои за возрасни лица, во која категорија припаѓаат и студентите, се препорачуваат најмалку 150 минути во неделата умерена до интензивна физичка активност или најмалку 75 минути неделно интензивна физичка активност која ги вклучува големите мускулни групи (WHO, 2020).

Од аспект на периодот во годината кој најчесто го избираат за практикување на претходно наведените активности на отворено, добивме разновидни одговори Можеби и разбирлив и очекуван е одговорот на најголем дел од испитаниците (46%) дека тоа најчесто го прават во *пролет*, кога природно се јавува и потребата да се биде на отворено, на сонце во природа, помал дел од нив (22%) во *лето* и останатите во *есен и зима*. Има и дел од студентите (25%) кои одговориле дека тоа го прават *во текот на целата година*. Ова значи дека иако има различни индивидуални преференци, сепак годишното време не е лимитирачки фактор за практикување на активности на отворено и дека секој период од годината нуди можност за вклучување во поинаква форма на физичка активност на отворено.

Радува и податокот дека студентите се свесни за значењето и важноста од практикување на активности на отворено, и колку тие придонесуваат за подобрување на целокупното физичко и здравствено живеење на секој поединец. Тоа го потврдуваат одговорите на прашањето во кое баравме да одредат *колку за нив се важни физичките активности во нивниот живот*. Согласно добиените одговори,поголем дел од испитаниците, (40%)

одговориле дека практикуваат физичка активност повремено, 32% дека им се важни, и дека сакаат да спортуваат и да го надополнуваат својот ден со физички активности и 24% дека се доста важни, и дека физичката активност им е приоритет во животот.

Следно од студентите побаравме мислење дали се љубители на зимски и адреналински спосртови. Во однос на прашањето дали се љубители на зимски спортови во природа, поголем дел од студентите (28%) одговориле дека се љубители на зимски спортови (скијање, бординг и сл), но немаат пробано некој од нив до сега, и 25% одговориле дека се љубители на зимските спортови, и дека практикуваат некои од нив. Додека останатите *не се размислувале за тоа*. Интересен е податокот дека голем дел од студентите (32%) се *љубители на адреналинските спортови, но немале можност да пробаат некој од нив до сега*, 18% од нив одговориле дека *практикуваат некои од нив*, додека останатите *не се љубители на вакви спортови* или *немаат размислувано за тоа до сега*.

Од добиените одговори на ова прашања заклучивме дека генерално студените покажуваат интерес за зимските и адреналиските спортови, но сепак досега немаат практикувано некои од нив. Причината за ова може да биде од една страна финансиите, бидејќи занимавањето со овие спортови бараат содветна опременост на поединецот, како и соодветна стручна подготвеност за ги практикуваат. Од друга страна, причината може да ја побараме и во малата застапеност на овој тип на спортови во наставните програми по физичко образование, оттука истите се достапни само за одредена категорија како и малите можност кои ги нуди нашата држава за развој на овој тип на спорт, а паралелно со ова и развој на зимскиот туризам и туризмот кој бара практикување на соодветни адреналински патеки и опрема за користење на истиот.

Ова се поврзува и со одговорите на последното прашање каде од студентите побаравме мислење дали Македонија има доволно потенцијали за физичка активност, спорт во природа, адреналински спортови. 52% од испитаниците сметаа дека нашата земја *делумно има потенцијал за да го оствари ова*, додека 39% пак сметаат дека сепак земјата *има премногу потенцијал за развој на овие спортови*. Добиените одговори сугерираат дека постои генерално позитивно размислување за можностите и потенцијалите кои ги нуди нашата земја за практикување на физички активности на отворено, но и делумно голема свесност за потенцијалите за развој на спортски активности на отворено, а со тоа и промоција на Македонија како земја за адреналински спортско – рекреативен туризам. Но, отворено останува прашањето колку од тие потенцијали се правилно искористени во насока на развој на личноста и на нудење на места, форми и разновидни активности како младите правилно и корисно би го користеле своето слободно време со цел, макар и рекреативно, да се делува на нивниот правилен психофизички развој. Овде секако не е мала и одговорноста на универзитетите да понудат активности и да популаризираат одредени спортови како младите би биле во можности да ги бираат и практикуваат и во текот на учебната година и за време на распустите со цел нивен целосен и пеавилен психофизички развој.

Се обидовме да истражиме дали постојат разлики во мислењето и ставовите на студентите според нивниот пол и типот на студии (општествено-хуманистички и природно-математички) во однос на нивните навики за вклучување во активности на отворено (кои форми на активности ги користат, честотата на нивно практикување, важноста на тие активности во нивниот живот). Разликите ги испитавме со користење на непаратметарската постапка t-тест. Добиените резултати ни покажаа дека не постојат статистички значајни разлики во одговорите на студентите на поставените прашања,

ниту во однос на полот, ниту во однос на избраните студии. Ова не упатува на податокот дека сепак желбата за користење на активности на отворено и изборот соодветна активност сепак зависи од личните итереси, желби и можности на секој поединец.

## Заклучок

Добиените резултати во истражувањето покажуваат на генерално позитивен став на студентите на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип за престој во природа и практикување на спортско – рекреативни активности на отворено.

Интересот не е поврзан со полот или избраните студии, туку пред се со личните афинитети и интереси, достапноста на простор и соодветна понуда за активности на отворено со одредени капацитети – пристапност, патна инфраструктура, места за одмор и освежување и сл. Студентите генерално позитивно ги перципираат можностите кои ги нуди Македонија за активности на отворено што е чекор напред во нивната промоција. Сите наведени резултати, како и фактот за позитивните ефекти кли ги има престојот и физичката активност во природа врз физичкото и ментално здравје, особено сега во услови на пандемија и потреба за движење со почитување на социјална дистанца, активностите на отворено, претставуваат своевиден императив и нешто на што треба да се посвети поголемо внимание.

Потребни се заеднички напори на локалните самоуправи, ресорните министерства и државата во целина за промоција на овој сегмент. Универзитетите и факултетите за туризам исто имаат значајна улога бидејќи паралелно може да работата на афирмација за потребата за движење и физичка активност на отворено, но и да понудат конкретни предлози, мерки, решенија и локации за нивна реализација, како и вклучување на студентите во маркирање на различни патеки во природа, раџвој и промоција на стратегии и сл.

## Референци

1. Andre, E. K., Williams, N., Schwartz, F., & Bullard, C. (2017). Benefits of Campus Outdoor Recreation Programs: A Review of the Literature. *Journal of Outdoor Recreation, Education, and Leadership, 9*(1), 15–25.
2. Babyak, M., Blumenthal, J. A., Herman, S., Khatri, P., Doraiswamy M., Moore, K., & Krishnan, K. R. (2000). Exercise treatment for major depression: Maintenance of therapeutic benefit at 10 months. *Psychosomatic Medicine, 62,* 633–638.
3. Barton, J., & Pretty, J. (2010). What is the best dose of nature and green exercise for improving mental health? A multi-study analysis. *Environmental Science & Technology, 44,* 3947–3955. doi:10.1021/es903183r
4. Beckingham, K. (2019). *The benefits of outdoor activities,* https://ie-today.co.uk/news/the-benefits-of-outdoor-activities//, (20 September 2020).
5. Carek, P. J., Laibstain, S. E., & Carek, S. M. (2011). Exercise for the treatment of depression and anxiety. *The International Journal of Psychiatry in Medicine, 41,* 15–28. doi:10.2190/PM.41.1.c.
6. Clough, P., Mackenzie, S. H., Mallabon, L., & Brymer, E. (2016). Adventurous physical activity environments: A mainstream intervention for mental health. *Sports Medicine, 46,* 963–968. https://doi.org/10.1007/s40279-016-0503-3

7. Crust, L., Henderson, H., & Middleton, G. (2013). The acute effects of urban green and countryside walking on psychological health: A field-based study of green exercise. *International journal of sport psychology, 44,* 160–177. doi:10.7352/IJSP.2013.44.160
8. Ekkekasis, P., & Backhouse, S. H. (2009). Exercise and psychological well-being. In R. Maughan (Ed.), *The Olympic textbook of science in sport* (pp. 251–271). Hoboken: Wiley-Blackwell.
9. Haluza-Delay, R. (1999). The semantics of adventure programming. In J. C. Miles & S. Priest (Eds.), *Adventure programming* (pp. 445-454). State College, PA: Venture Publishing.
10. Hanson, S., & Jones, A. (2015). Is there benefit that walking groups have health benefits? A systematic review and meta-analysis. *British Journal of Sports Medicine, 49*(11), 710–715.
11. Horwood, B. (2002). The influence of outdoor education on curriculum integration: A case study. *Pathways: The Ontario Journal of Outdoor Education, 14*(2), 6-12.
12. Janssen, I., & LeBlanc, A. G. (2010). Systematic review of the health benefits of physical activity and fitness in school-aged children and youth. *International Journal of Behavioral Nutrition and Physical Activity, 7,* 40. doi:10.1186/1479-5868-7-40.
13. Kaplan, R. M., Sallis, J. F., & Patterson, T. L. (1993). *Health and human behavior*. New York:McGraw-Hill.
14. Lieberman, G. A., & Hoody, L. L. (1998). *Closing the achievement gap: Using the environment as an integrating context for learning*. San Diego, CA: State Education and Environment Roundtable.
15. Loureiro, A., & Veloso, S. (2017). *Green Exercise, Health and Well-Being. Handbook of Environmental Psychology and Quality of Life Research, International Handbooks of Quality-of-Life,* (pp. 149-169). Springer Editors. doi:10.1007/978-3-319-31416-78
16. Popeska, B., Sivevska, D., & Ristova, C. (2019). Participation of University students in outdoor sports. In: *The 11th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport"*, (pp. 213-220), 8 Nov 2019, Sofia, Bulgaria.
17. Popeska, B., Ristova, C., Dimitrov, N., & Barbareev, K. (2018). Activity of students on weekly level - conditions and perspectives in the Republic of Macedonia with possibilities to promote sport tourism at university level. In: *The 10th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport"*, (pp. 190-199), 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria.
18. Popeska, B., Ignatov, G., & Sivevska, D. (2017). Gender differences in participation and use of leisure time between Macedonian and Bulgarian students at Teaching Faculties. *Activities in Physical Education and Sport, 7*(2), 185-188.
19. Popeska, B., & Sivevska, D. (2016). Sport activities and interests for sport during leisure time at the students of Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev in Stip. *Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 13*.3, 443-448.
20. Puett, R., Teas, J., Espana-Romero, V., Artero, E., Duck-chul, L., Baruth, M., Sui, X., Montresor-Lopez, J. & Blair, S. N. (2014). Physical Activity: Does Environment Make a Difference for Tension, Stress, Emotional Outlook, and Perceptions of Health Status? *Journal of Physical Activity and Health, 11*, 1103–1511. https://doi.org/10.1123/jpah.2012-0375

21. Russell, C. L., & Burton, J. (2000). A report on Ontario secondary school integrated environmental studies programs. *Canadian Journal of Environmental Education*, *5*, 287-304.
22. Sheng-Hshiung, T., Wei-Rong, L., & Tien-Ming, C. (2015). Toward a Structural Model of Challenge Experience in Adventure Recreation. *Journal of Leisure Research 47*(3), 322–336. https://doi.org/10.1080/00222216.2015.11950363
23. WHO (2020). #HealthyAtHome - *Physical activity*, https://www.who.int/news-room/campaigns/connecting-the-world-to-combat-coronavirus/healthyathome/healthyathome---physical-activity/, (20 September 2020).